Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневните настани 21.06.2024

На 20.06.2024 во 21.20 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.А.(37) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 21.06.2024 во 06.20 часот во Радовиш, полициски службеници од Полициската станица Радовиш го привеле Џ.Д.(28) од Радовиш, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено – поправната установа Затвор Струмица за издржување на казната.

На 20.06.2024 во 10.00 часот во Полициското одделение Мирковци, Г.Г.(51) од с.Кучевиште, скопско, пријавил дека на 19.06.2024 околу 17.00 часот, при рушење на стара куќа со багер, пронашол една пушка – карабин. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје, а пушката била безбедно подигната за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (20.06.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 83 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола осум санкции, три мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл, пет санкции за користење мобилен телефон при возење. Изречени се пет мерки за некористење сигурносен појас, три санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), две мерки за управување под дејство на алкохол...

На 20.06.2024 во 14.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Александар Македонски", Б.Т.(42) од Скопје, управувајќи патничко возило „опел" со скопски регистарски ознаки, изгубил контрола над возилото, излетал од коловозот и удрил во рекламен билборд. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачот Б.Т. констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза" - Скопје и неговата сопатничка Л.Т.(72) од Скопје констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 20.06.2024 во 14.50 часот во СВР Тетово било пријавено дека на регионалниот пат Тетово - с.Волковија се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „хјундаи" со тетовски регистарски ознаки управувано од Џ.Х.(67) од с.Вејце, тетовско и патничко возило „пежо" со тетовски регистарски ознаки управувано од И.Р.(25) од Тетово, кои потоа удриле во две паркирани патнички возила „фиат типо" со скопски регистарски ознаки и „рено" со тетовски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Џ.Х. констатирани во Клиничка болница Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

На 20.06.2024 во 15.50 часот во Полициската станица Струмица било пријавено дека на булевар „Маршал Тито" во Струмица се случила сообраќајна несреќа помеѓу мопед со струмички регистарски ознаки, управуван од С.В.(43) од Струмица и патничко возило „сеат" со германски национални ознаки, управувано од Ѓ.С.(35) од село Мокриево, струмичко. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила малолетна сопатничката на мопедот, а со телесни повреди се здобила С.В., констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа на Полициската станица Струмица.

На 20.06.2024 во 15.50 часот во ОВР Берово било пријавено дека на регионалниот пат Берово - Струмица, атар на с.Русиново, беровско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген пасат" со пехчевски регистарски ознаки управувано од В.М.(57) с.Робово, општина Босилово и патничко возило „фолксваген голф" со беровски регистарски ознаки управувано од Ј.М.(63) од с.Ратево, беровско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачот В.М. и неговата сопатничка М.М.(24) од с.Робово, а возачот Ј.М. се здобил со телесни повреди констатирани во Клиничка болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Берово.

На 20.06.2024 во 09.30 часот во Полициската станица Центар, Е.А.(24) од Скопје пријавил дека на ул.„Орце Николов" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 20..06.2024 во 10.30 часот во Полициската станица Карпош, В.Г.(48) од с.Волково, скопско, пријавила дека на бул.„Партизански одреди " во Скопје била касната од куче скитник.

На 20.06.2024 во 18.30 часот во Полициската станица Центар, Н.Н.(20) од Скопје пријавил дека ул.„Михаил Цоков" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 20.06.2024 во 09.57 во Полициското одделение Македонска Каменица било пријавено дека при извршување земјоделски работи со трактор во Македонска Каменца, С.В.(64) од Македонска Каменица се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Клиничка болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Делчево.

На 20.06.2024 во 14.45 часот во СВР Штип било пријавено дека во с.Долно Трогерци, општина Карбинци, настанал пожар на земјоделска машина-комбајн при вршење жетва, а кој бил управуван од С.М.(38) од с.Долни Балван, општина Карбинци. Од пожарот биле зафатени и ниви со житни култури, сопственост на Ѓ.Г.(54) од с.Долни Балван и С.К.(72) од Штип. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Штип.

На 20.06.2024 во 04.30 часот на ул.„Рудничка" во Кичево, полициски службеници од Полициската станица Кичево го привеле лицето А.С.(32) од Кичево затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 20.06.2024 во Полициската станица Центар бил извршен службен разговор со С.Д.(36) од Скопје, постапувајќи по претходна пријава дека на 19.06.2024 им се заканувал на неговата поранешна 38 – годишна сопруга и нејзиниот партнер Б.Ј., двајцата од Скопје По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 20.06.2024 во 15.00 часот во СВР Скопје, В.Ш.(33) од Скопје пријавил дека околу 00.40 часот на подрачјето на Центар во Скопје, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.06.2024 во 21.00 часот во СВР Скопје, С.И.(31) од Скопје пријавил дека околу 16.30 часот на подрачјето на Ѓорче Петров во Скопје бил физички нападнат од Е.С., кој употребил и метален предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (21.06.2024) во 01.00 часот во СВР Скопје, Ј.А.(45) од Скопје пријавила дека на 20.06.2024 околу 21.30 часот во училишен двор на подрачјето на Карпош во Скопје, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетеник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.06.2024, полициски службеници од СВР Штип извршиле службен разговор со А.М.(36) од Штип, постапувајќи по претходна пријава дека околу 14.41 часот со остар предмет ѝ се заканувала на Б.К.(43) од Штип пред нејзиниот дом. По целоосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.
Денеска (21.06.2024) во 00.10 часот во СВР Скопје, К.Ц.Р.(36) од Скопје пријавила дека на 20.06.2024 околу 21.30 часот на подрачјето на с.Ново Село, скопско, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.06.2024 во 14.50 часот во СВР Скопје, А.Б.(44) од Скопје пријавила дека на 19.06.2024 околу 21.30 часот на подрачјето на општина Аеродром во Скопје, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник кој го познавал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.06.2024 во 16.30 часот во Полициската станица Кочани, З.А.(74) од с.Чешиново пријавил дека околу 09.30 часот во атар на с.Бурилчево, кочанско, бил физички нападнат од Г.Д. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.06.2024 во 14.45 часот во Полициското одделение Шуто Оризари бил извршен службен разговор со С.К.(41) од с.Драчевица, општина Студеничани. Тој се сомничи дека на 18.06.2024, по претходна расправија, упатил закани на неговиот сосед Ф.М.(43) од Скопје и испукал неколку куршуми во воздух од гасен пиштол. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 21.06.2024 во 01.15 часот во СВР Скопје, 33 – годишен маж од Скопје пријавил дека претходниот ден од телефонски број на лице кое го познавал му биле испраќани пораки со закануваачка содржина и му биле барани 80.000 евра. Подоцна во 00.40 часот на 21.06.2024 негов сосед го известил дека било опожарено неговото возило „форд фиеста" со скопски регистарски ознаки, кое било паркирано пред неговата куќа. Пожарот бил изгаснат,а повредени лица нема. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.06.2024 во 11.36 часот во СВР Куманово било пријавено дека на ул.„Доне Божинов" во Куманово бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Б.С.(75) и С.Х.(50), двајцата од Куманово, при што Б.С. употребил тврд предмет. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 20.06.2024 во Полициската станица Кичево, З.Д.(45) од Кичево пријавил дека во 09.30 часот Д.Ц.(48) од Кичево со употреба на сила влегол во домот на неговите родители Ц.Д.(74) и Б.Д. и им се закануал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.06.2024 во Полициската станица Чаир, И.Ќ.(22) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечил нејзиниот сопруг Б.Ќ.(29), кој и претходно се оддалечувал и се враќал во домот. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 20.06.2024 во СВР Битола, Ѓ.Б.(72) од с.Горно Оризари, битолско, пријавил дека на ул.„Ванчо Јаневски" во Битола бил каснат од куче скитник .

На 20.06.2024 во СВР Битола, Д.Н.(55) од с.Долно Оризари, битолско, пријавил дека на ул.„Бурса" во Битола бил каснат од куче скитник .

На 20.06.2024 во 19.40 часот во Полициската станица Центар, Ф.С.(19) од Скопје пријавил дека на ул.„Мирослав Крлежа" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 20.06.2024 во 13.50 часот во Полициската станица Кичево, Л.Ј.(35) од с.Радожда, струшко, пријавила дека на ул.„Методија Стефаноски" во Кичево била касната од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет